Прирачник за даватели на услуги кои работат со деца и со млади кои живеат во семејства со минато со проблеми со законот и/или употреба на дроги

Публикацијата е изработена во рамките на проектот „Млади изложени на ризик од социјално исклучување“ финансиран од Европската Унија. Европската Унија може да не ги споделува ставовите искажани во публикацијата.

Прирачник за даватели на услуги кои работат со деца и со млади кои живеат во семејства со минато со проблеми со законот и/или употреба на дроги

Прирачник за даватели на услуги кои работат со деца и со млади кои живеат во семејства со минато со проблеми со законот и/или употреба на дроги

Автор: Дардан Бериша

Превод на македонски јазик: Јулија Мицова

Лектура на македонски јазик: Весна Костоска

Издавач: Лавиринт, 2017

Авторски права: Лавиринт, 2017

Сите права се задржани. Строго забрането е копирање, зачувување на систем за вчитување или пренесување во која било форма или преку какви било средства, електронски, механички, фотокопирање, снимање или друг начин, без претходна дозвола од сопствениците на авторските права.

Публикацијата е изготвена во рамките на проектот „Млади изложени на ризик од социјално исклучување“ финансиран од Европската Унија. Европската Унија може да не ги споделува ставовите искажани во публикацијата.

Содржина

Вовед ..... **Error! Bookmark not defined.**

Речник на клучни термини ..... **Error! Bookmark not defined.**

Меѓународни инструменти 8

Контекст на Западен Балкан ..... **Error! Bookmark not defined.**

Можни ризици за целната група ..... **Error! Bookmark not defined.**

Основни принципи и насоки ..... **Error! Bookmark not defined.**

- Пристап до социјални услуги 18
- Одржување на ефективна комуникација 18
- Навремено и ефективно постапување 19
- Заштита на целната група 20
- Поттикнување на целната група да ги ужива сопствените права 20

Менаџирање на случај ..... **Error! Bookmark not defined.**

- План за менаџирање на случај 23
- На што да се внимава 23
- Како до ефективна комуникација? 24
- Препраќање на случај 25
- Мониторинг на случај 26

Прилог 1: Компетентност на одговорниот за случајот и рамка на вештини 29

Прилог 1: Формулар за препраќање за заштита на децата 33

Прилог 2: Процена на ризик и формулар за анализа на ризик 34

Прилог 3: Домашни посети/анализа на белешки 36

Вовед

Приračникот содржи информации за меѓународните стандарди, за можните ризици, за општите принципи и стратегии за работа со деца и со млади кои живеаат во семејства со минато со проблеми со законот и/или употреба на дрога (понатаму во текстот „целна група“ (ЦГ)).

Приračникот служи како алатка за давателите на социјални услуги кои работат со млади изложени на ризик и нуди информации корисни за педагози, за психолози, за социолози, за социјални работници и за адвокати кои работат со ЦГ (деца и млади кои живеат во семејства со минато со проблеми со законот и/или употреба на дрога).

Примарната цел на приračникот се невладините даватели на услуги, но корисен е и за државни и приватни даватели на услуги.

Приračникот не претставува замена за воспоставените правни или административни документи и стандарди. Наменет е да послужи како дополнителна алатка за помош за давателите на социјални услуги во испораката на квалитетни услуги до целната група.

Приračникот е структуриран во четири главни поглавја применливи за ЦГ. Поглавјето А содржи информации за меѓународните стандарди и права применливи за ЦГ. Поглавјето Б вклучува анализа на правната пракса во одделните земји од Западен Балкан. Поглавјето В ги идентификува можните ризици на изложеност. Во поглавјето Г се претставени основните принципи и стратегии за работа на случаи со ЦГ. На крај, поглавјето Д нуди можни мерки за подобрување на испораката на социјалните услуги преку соработка со чинителите. Поглавјето Ѓ содржи детални информации и насоки за работа со случаите. Приračникот исто така содржи и Кодекс на однесување за давателите на услуги, приложен во Прилог А.

Приračникот е изготвен од НВО Лавиринт во рамките на проектот „Социјално зајакнување на млади изложени на ризик“, поддржан од Европската Унија, а спроведен од страна на земјите на Западен Балкан во текот на 45 месеци, од јануари 2016 г. до октомври 2019 г. Проектот е координиран од НВО Јувентас (Црна Гора), со проектните партнери АРСИС (Албанија), Асоцијација Маргина (Босна и Херцеговина), ХОПС (Македонија), НВО Лавиринт (Косово), Превент (Србија) и Фондацијата СХЛ (Германија). Мрежата на споменативе организации имплементира активности со цел да придонесе кон активно учество во социјалните процеси на младите од Западен Балкан изложени на најголем ризик од социјална исклученост.

Речник на клучни термини

За целта на Прирачникот, подолу е објаснето значењето на најчесто користените поими.

Дете – човечко суштество на возраст помала од 18 години.

Млада личност – лице на возраст од 15 до 30 години.

Меѓународни стандарди – стандарди уредени со меѓународни инструменти, како на пример меѓународни договори, препораки на меѓувладини тела, мислења на меѓународни организации и други извори на меко право.

Основни принципи – општите принципи, вредности и филозофии на давателите на услуги за понуда на квалитетни и ефективни социјални услуги.

Даватели на услуги – институција, организација или лице што нуди социјални услуги на деца и на млади изложени на ризик.

Чинител – организација или институција заинтересирана или вклучена, со мандат или улога во секторот за социјални сервиси.

Лице со минато со проблеми со законот – лице со досие со прекршоци на закони и на социјални норми како резултат на извршување на прекршоци или на криминални дела.

Употреба на дрога – редовно земање нелегални дроги.

Целна група (ЦГ) – деца и млади кои живеаат во семејства со минато со проблеми со законот и/или употреба на дрога.


Деца и млади кои живеат во семејства со минато со проблеми со законот и/или употреба на дрога
Родителска негрижа (исхрана, здравје, образование)
Семејство со нарушени односи (расправии, игнорирање, развод)
Психолошки и емотивни ризици (тага, низок степен на самопочит, изолација)
Принуден труд (малолетни работници, улично продавање)
Употреба на дрога и проблеми со законот (следење на однесувањето на родителите)
Семејно насилство (физичко насилство, карање, повреди)
Бегање од дома (иселување, исчезнување)
Пристапност
– Да се овозможи лесен пристап
– Бесплатна телефонска помош, 24-часовна поддршка
– Известување преку интернет
– Географска покриеност
– Бесплатни услуги
– Јазик
Добра комуникација
– Слушајте, разберете ја длабочината на секој случај
– Водете евиденција
– Комуницирајте на јасен начин со родителите и со целната група
– Одржувајте контакт со чинителите
Одговор
– Реагирајте ефективно со цел да се реши проблемот
– Реагирајте на време пред да биде премногу доцна
– Осигурете се дека чинителите се подготвени да реагираат
Заштита
– Идентификувајте ги ризиците и мерките за справување со нив
– Заштитете ја целната група од штети и од повреди
– Побарајте помош од главните чинители
Зајакнување
– Зајакнете ја целната група со цел да ги практикува сопствените права
– Помогнете во пристапот до социјална заштита
– Мониторирајте и советувајте во поглед на образование и на вработување
Училишта
– Проверете ги успехот во училиштето и редовноста
– Запишете ги на курсеви
– Запишете ги на вонучилишни активности
Здравствени институции
– Понудете совет за здравствените ризици
– Координирајте го здравствениот третман
– Рехабилитација од дроги за родителите доколку е потребно
Владеење на правото
– Соработувајте со полицијата за прашања поврзани со безбедноста и со заштитата
– Водете евиденција, земајте изјави
– Учествувајте во судските рочишта и процеси доколку е потребно
Адвокати
– Понудете бесплатна правна помош
– Помогнете при пријавата за социјална помош
– Помогнете при поднесувањето поплаки/жалби
Невладин сектор
– Мапирајте ги невладините даватели на услуги
– Препратете ја целната група до други невладини организации
– Помогнете при пристапот до други сервиси, обуки
Право на животен стандард (храна, домување, облека)
Право на слободен личен развој
Право на безбедност, на социјална заштита и на помош
Право на образование и на работа
Право на здравствена заштита

Меѓународни инструменти

Ова поглавје од Прирачникот се однесува на клучните одредби со кои се уредуваат социјалните услуги во меѓународните правни и неправни инструменти. Целта е да се претстават клучните политички, загарантираните социјални и економски права на децата и на младите, и да се истакнат главните обврзувачки акти за државите поврзани со социјалните услуги. При читањето на содржината што следува ги поттикнуваме давателите на услуги да ги идентификуваат правата применети во поголема или помала мера во контекст на нивната работа, како и мерките што треба да се преземат за да се поттикнат децата и младите да ги практикуваат своите права.

Секој има право на социјална безбедност и на остварување на економските, социјалните и културните права за достоинствен и слободен развој на личноста.[1] Секој има право на животен стандард соодветен за здравјето и благосостојбата за себе и за семејството, вклучително и храна, облека, домување и медицинска грижа, и право на сигурност во случај на: невработеност, болест, хендикеп, смрт на партнер или други околности што не можат да се контролираат.[2] Секој има право на работа[3] и на образование.[4]

Луѓето имаат и граѓански и политички права. Секој има право на слобода и на безбедност, и никој не треба да биде изложен на неосновано апсење или притвор.[5] Секој има право на фер и јавно судење од страна на надлежен, независен и објективен суд,[6] и се смета за невин сè додека не се докаже дека е виновен.[7] Никој не треба да биде изложен на неосновано или незаконско мешање во приватноста, семејството, домот или кореспонденцијата, ниту пак на незаконски напади на честа или на репутацијата.[8]

Со меѓународното право на луѓето им се доделуваат економски, социјални и културни права исто така. **Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права** на државите им наметнува обврски да го препознаат правото на социјална заштита, вклучително и социјално осигурување за секого.[9] На семејството му е неопходна заштита и помош, особено при основањето и сè дури е одговорно за грижата и за образованието на издржуваните деца.[10] Потребно е да се преземат посебни мерки за заштита и за грижа на децата и на младите без дискриминација врз основа на потеклото или на други услови. Децата и младите треба да се заштитат од економска и општествена

[1] Универзална декларација за човекови права, член 22.
[2] Универзална декларација за човекови права, член 25.
[3] Универзална декларација за човекови права, член 23 (1).
[4] Универзална декларација за човекови права, член 26.
[5] Меѓународен пакт за граѓански и политички права, член (1).
[6] Меѓународен пакт за граѓански и политички права, член 14 (1).
[7] Меѓународен пакт за граѓански и политички права, член 14 (2).
[8] Меѓународен пакт за граѓански и политички права, член 17 (1).
[9] Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права, член 9.
[10] Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права, член 10 (1).

експлоатација.[11] Со меѓународните акти на државите им се наметнува обврска да го препознаат правото на сите на соодветен животен стандард, вклучително и соодветна храна, облека и домување, и на постојано подобрување на животните услови.[12] Со меѓународните акти се создава обврска државите да го препознаат правото на секого на уживање на највисокиот стандард што може да се достигне и на физичко и ментално здравје.[13]

Конвенцијата за правата на детето е основа за меѓународното право за правата на децата, применливо за лица под 18-годишна возраст. Според Конвенцијата детето може да се одвои од родителите единствено „кога надлежните органи, подложно на судска ревизија, одлучат, во согласност со применливите закони и постапки, дека таквото раздвојување е во најдобар интерес на детето".[14] Неопходно е да се почитува правото на детето редовно да одржува лични односи со двајцата родители, освен кога тоа е во спротивност со најдобрите интереси на детето.[15] Државите членки се обврзуваат да им дадат помош на родителите и на законските старатели во извршувањето на должноста воспитување на детето и да обезбедат развој на институциите, установите и сервисите за грижа на детето со што се спречува разделување од семејството.[16]

Дел од клучните права гарантирани со Конвенцијата се однесуваат на слободно изразување на мислењето на детето во согласност со возраста и со зрелоста,[17] правото на „највисокото ниво на здравствени стандарди"[18] и „правото на образование".[19] Во поглед на образованието, нагласокот паѓа на развој на следниве категории: а) развој на различните форми на достапно и пристапно средно образование, со вовед на бесплатно образование и финансиска помош доколку е потребна; б) пристапно високо образование за сите, во согласност со способностите; в) достапност на професионални и образовни информации и советување. Исто така образованието треба да биде насочено кон развојот на „детската личност, таленти и ментални и физички способности до највисоко ниво",[20] како и „подготовка за одговорен живот во слободно општество".[21] Во поглед на децата изложени на некакви форми на запоставување, експлоатација или злоупотреба и мачење, државите се обврзани да преземат соодветни мерки за промоција на физичкото и психолошко закрепнување на детето насочено кон промоција на здравјето, самопочитта и достоинството на детето.[22]

Водичот за алтернативна грижа за деца на ОН има цел да ја подобри имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето и на соодветните одредби од другите меѓународни инструменти за заштита и за благосостојба на децата лишени или изложени на ризик да бидат лишени од родителска грижа.

Семејството како основна група на општеството и природна средина за растење, за благосостојба и за заштита на децата вложува напори првично кон оспособување на детето да остане или да се врати

[11] Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права, член 10 (3).
[12] Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права, член 11 (1).
[13] Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права, член 12 (1).
[14] Конвенција за правата на детето, член 9 (1).
[15] Конвенција за правата на детето, член 9 (3).
[16] Конвенција за правата на детето, член 18 (2).
[17] Конвенција за правата на детето, член 12 (1).
[18] Конвенција за правата на детето, член 24.
[19] Конвенција за правата на детето, член 28.
[20] Конвенција за правата на детето, член 29 (1а).
[21] Конвенција за правата на детето, член 29 (1г).
[22] Конвенција за правата на детето, член 39.

во грижа на родителите или, кога е соодветно, на блиски членови на семејството. Државата на семејствата треба да им обезбеди пристап до сите форми на поддршка при улогата на згрижувачи.[23]

Секое дете и млада личност треба да живееат во средина во која се нуди поддршка, заштита и грижа со цел промовирање на севкупниот потенцијал на детето. Децата со несоодветна или без родителска грижа се особено изложени на ризик да бидат лишени од таква згрижувачка средина.[24]

Во рамките на напорите да се спречи одвојувањето на децата од родителите, неопходно е државите да воспостават соодветни мерки својствени за културата на целната група: а) за поддршка на семејна згрижувачка средина со ограничен капацитет како резултат на следниве фактори: хендикеп, употреба на дрога и алкохол, дискриминација против семејствата со домородно или малцинско потекло и живеење во региони со вооружени конфликти или под непријателска окупација; б) за соодветна грижа и заштита на ранливите деца, како на пример деца жртви на злоупотреба и експлоатација, напуштени деца, деца кои живеат на улица, вонбрачни деца, непридружени или деца одвоени од родителите, внатрешно преселени деца или деца бегалци, деца на работници мигранти, деца на барателите на азил или деца кои живеат со или се погодени од ХИВ/СИДА и од други сериозни болести. Потребни се специјални напори за справување со дискриминацијата врз основа на статусот на родителите, вклучително и сиромаштија, етничко потекло, религија, пол, ментален и физички хендикеп, ХИВ/СИДА или други сериозни болести, физички или ментални, вонбрачни деца и социоекономска стигма, и други статусти и околности што можат да придонесат детето да биде оставено, напуштено и/или одземено.[25]

Постојат и други регионални извори на меѓународно право со кои се покриваат прашањата поврзани со социјалните услуги. **Европската социјална повелба** ги гарантира правата на семејството и на индивидуалните членови на правна, економска и социјална заштита. Страните имаат обврска да воспостават систем на ефективна примена на: правото на работа,[26] правото на стручна ориентација и стручна обука,[27] правото на здравствена заштита,[28] правото на социјална заштита,[29] правото на социјална и медицинска помош,[30] правото на користење на услугите од социјална грижа,[31] правото на домување.[32] Правото на децата и на младите на социјална, правна и економска заштита е посебно дефинирано со цел да се „понуди соодветна примена на правата на децата и младите да пораснат во средина во која се поттикнува целосниот развој на нивната личност и на другите физички и ментални способности“.[33] Се пропишуваат соодветни и неопходни мерки со цел „да се обезбеди заштита и посебна помош од државата за децата и младите привремено или постојано лишени од семејна поддршка“.[34]

Во **Конвенцијата на Обединетите нации против незаконска трговија со наркотични дроги и психотропни супстанции** се искажува загриженост за фактот дека во повеќето делови од светот

[23] Водич за алтернативна грижа за децата на ОН, II.A (3).
[24] Водич за алтернативна грижа за децата на ОН, II.A (4).
[25] Водич за алтернативна грижа за децата на ОН, II.A (9а, 9б, 10б).
[26] Европска социјална повелба, член 1 и 2.
[27] Европска социјална повелба, член 9 и 10.
[28] Европска социјална повелба, член 11.
[29] Европска социјална повелба, член 12.
[30] Европска социјална повелба, член 13.
[31] Европска социјална повелба, член 14.
[32] Европска социјална повелба, член 31.
[33] Европска социјална повелба, член 17.
[34] Европска социјална повелба, член 17.

децата се користат за нелегална употреба на дроги и за нелегално производство, дистрибуција и продажба на наркотични дроги и психотропни супстанции, што претставува голема опасност. Конвенцијата наметнува обврска судовите и другите надлежните органи во државите членки да ги земат предвид фактичките околности како особено сериозни и отежнителни во случај кога малолетници се жртви или се злоупотребуваат за криминални дела поврзани со употреба на дрога. Во **Конвенцијата за правата на детето** исто така се препознава правото на детето во контекст на злоупотреба на дрога при што државите членки се обврзани да преземат соодветни мерки, вклучително и законски, административни, социјални и образовни мерки за заштита на децата од незаконска употреба на наркотични дроги и психотропни супстанции, и да ја спречат злоупотребата на децата за незаконско производство и трговија со овие супстанции.

Во **Политичката декларација на Обединетите нации и Акцискиот план за меѓународна соработка кон интегрирана и балансирана стратегија за борба со проблемот со дрога во светот** се препознава дека интервенциите за намалување на употребата на дрога премногу често се насочени кон општата популација и вообичаено се применува еден стандарден пристап при што не се нудат специјални програми скроени во согласност со потребите на ранливите групи. Во ранливите групи првично се вклучени децата, адолесцентите и младите. Во тој поглед, државите членки се обврзани да создадат програми за превенција насочени кон децата и младите и со учество на децата и на младите со цел да се зголемат нивниот опсег и ефикасност.

Контекст на Западен Балкан

Овој дел од извештајот се заснова на регионалната студија за деца и за млади изложени на ризик од Западен Балкан на ARYSEN (Мрежата за социјално зајакнување на млади изложени на ризик). Во ниедна од земјите вклучени во проектот (Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија, Црна Гора, Србија и Косово) децата и младите кои живеаат во семејства со минато со проблеми со законот и/или употреба на дрога (ЦГ) не се препознаени во законите како специфична група изложена на ризик. Тоа сепак не значи дека не постојат програми за социјална поддршка или сервиси за ЦГ, но постојат многу малку достапни податоци за начинот на кој постапуваат наведените земји со случаи поврзани со ЦГ. Не постојат индикативни референци за заштита на ЦГ во рамките на севкупната рамка за заштита на деца и на млади изложени на ризик.

Во Македонија, во Законот за правда за децата поимот дете изложено на ризик се дефинира како лице кое „наполнило седум, а не наполнило 18 години, со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите или родителот, односно старателите или старателот, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питање, скитање или проституција, кое употребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, а кое поради ваквите состојби е или може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејствие кое претставува прекршок или дејствие кое е предвидено со закон како кривично дело.[35] Дополнително Законот за заштита на децата во Македонија ги дефинира децата како лица под 18 години и со него се уредуваат заштитните механизми за децата.

Во Македонија се користи различна терминологија во областа на социјална заштита каде што фразата „социјален ризик“ во Законот за социјална заштита (Службен весник на РМ, бр. 79/2009) се однесува на деца, на млади и на возрасни подеднакво. Во тој поглед, во поимот „социјален ризик“ се вклучуваат ризици по здравјето, старост и стареење, семејства со самохран родител, ризик од невработување, загуба на приход неопходен за живот врз основа на вработување или слични ситуации, сиромаштија и други ризици поврзани со социјална исклученост.

Во Црна Гора, со Законот за предучилишно воспитување и образование се воведува „програма за зајакнување на родителските вештини“ при што се нуди поддршка на родителите од страна на образовниот и професионален персонал преку образованието, и се поттикнува примена на родителскиот потенцијал преку употреба на библиотека со играчки и со книги, односно играчки и книги соодветни за возраста, литература за родители и друг наставен материјал за детскиот развој. Според Правилникот за методи, услови и постапки за ориентација на децата со специјални образовни потреби, ЦГ е група со потреби бидејќи во оваа категорија се вбројуваат деца со неповолни семејни или материјални услови како резултат на семејно насилство, злоупотреба на

[35] Службен весник на РМ, бр. 87/2007, член 19.

дрога и други услови. Децата и младите од семејствата со историја на употреба на дрога и проблеми со законот можат да користат бесплатна правна помош доколку се: сиромашни, лица со хендикеп, жртви на семејно насилство или на трговија со луѓе.[36]

Во Косово, лице кое живее во нарушени семејни односи се смета за лице со потреба според Законот за социјални и семејни услуги (ЗССУ). Со ЗССУ надлежноста за социјална грижа и/или советување се доделува на Центарот за социјална работа во околности каде што, меѓу другото, детето има потреба затоа што: е без родителска грижа; родителите (поради психосоцијални проблеми, проблеми со зависност или др.) се соочуваат со потешкотии при соодветната грижа за детето; детето страда како последица на семеен конфликт; или друга форма на социјален проблем.

Според Законот за социјални и семејни услуги во Косово, Центарот за социјална работа води регистар за семејства и за деца со потреби кои се жители на нивната територија и кои немаат семејна или друга поддршка од заедницата и имаат потешкотии да се грижат за децата или кога детето е изложено на ризик од негрижа, експлоатација или злоупотреба или друга форма на штета. Центарот за социјална работа закажува редовни посети од страна на одговорна личност со цел да се гарантира безбедноста и благосостојбата на детето и на семејството или со цел на детето да му се понудат соодветните потребни услуги. Центарот за социјална работа може да го отстрани детето од грижата на родителот или на старателот кога постои основа за сомневање дека детето е изложено на сериозна опасност по неговото физичко или ментално здравје.

Националната стратегија за спречување на детски труд 2011–2016 на Косово наведува дека нарушената семејна средина, зависноста на родителите од алкохол или дрога и недостигот на родителски вештини се фактори што придонесуваат за поголема ранливост на децата на детски труд. Постојат сервиси за резиденцијална грижа во заедницата, како на пример засолништа или домови за мали групи деца во ранливи ситуации, вклучително и семејно насилство, тргување и сексуална експлоатација. Овие домови за резиденцијална грижа се отворени во 7 општини со што се покриваат сите региони во Косово. И покрај блиската соработка на резиденцијалните домови со центрите за социјална работа и косовската полиција за заштита на жртвите од семејно насилство, исто така се соочуваат и со предизвици во поглед на финансиската стабилност и недостиг на соодветни човечки ресурси.

Во Босна и Херцеговина целната група е покриена со Законот за социјална заштита на жртвите од граѓанската војна и заштита на семејства со деца и со Законот за заштита на деца и социјална заштита. Со законите, ЦГ се препознава како група изложена на ризик, како на пример деца без грижа, и деца чиј развој е попречен од семејните околности при што им се доделени одредени права, како на пример домашна грижа и помош во домот, потоа социјални сервиси или други професионални служби, финансиска и материјална помош и сместување во друго семејство (згрижувачко семејство).

[36] Закон за бесплатна правна помош, „Службен весник на Црна Гора“ бр. 20/2011 и 20/2015.

Можни ризици за целната група

Децата и младите кои живеат во семејства со минато со проблеми со законот и/или употреба на дрога се склони на повеќе ризици и на опасности. Ризикот варира според степенот на сериозност и степенот и итноста за преземање дејства. Не смееме да заборавиме дека децата и младите кои живеат во семејства со минато со проблеми со законот и/или употреба на дрога првично се изложени на ризик од дискриминација или од стигма. Поради ова давателите на услуги мора да применуваат сензитивен пристап со семејствата и никогаш да не претпоставуваат дека лицата кои користат дрога и/или имаат проблеми со законот немаат добри родителски вештини. Како и при секој друг случај, давателот на услуги врши процена на ризик за секој засебен случај, особено за деца и за млади, и планира мерки што треба да се преземат доколку се материјализираат ризиците. Подолу се приложени неколку точки со кои ќе се разјасни потребата од процена на ризик и областите што треба да бидат вклучени при проценатa. Со тоа ќе се создаде појасна претстава за родителските вештини на лицето.

- **Родителска негрижа:** можно е целната група да не прима соодветна родителска грижа, што може да влијае на целокупниот развој, здравје и образование. Меѓу ризиците се вбројуваат: одложување на медицинска грижа или лекарства, несоодветна храна и нездрава исхрана, непостоење санитарни услови, емотивна негрижа, несоодветен образовен надзор и зависност или изложеност на пушење цигари или на дроги.
- **Нарушени семејни односи:** целната група можеби живее во нарушени односи меѓу родителите или меѓу целната група и родителите.

Формуларот во Прилог 2: Формулар за процена и анализа на ризик се употребува за бележење на сите податоци применети во текот на процесот на евалуација. Се дистрибуира предвремено на состанокот на мултидисциплинарната техничка група. Одредени делови од формуларот, на пример нивото на ризик, се пополнуваат на крајот на состанокот.

Формулар за процена и анализа

Име и презиме на дете:
Референца за идентитет:
Возраст/дата на раѓање:
Род:
Дата на поднесување на формуларот:
Проценатa е извршена од:
Состав на семејство/членови на семејство:
Адреса на семејството:
Служби/органи во контакт со детето:
Училиште:
ПРИЧИНИ ЗА ПРЕПРАЌАЊЕ:

Минато на семејството/преглед на поблиско минато/критични настани:
Развој и благосостојба на детето (физички, емотивни, когнитивни, духовни итн. или други специјални потреби – на пр. хендикеп):
Запознавање на детето и неговиот однос со другите (вклучително и семејство и пријатели):

Образование:

Родителски капацитет и способност за соочување:

Семејни функции (односи и динамики):

Животни услови и економска ситуација/вработување:
Поддршка од семејството/заедницата:
Претходно искуство со злоупотреба:
Доколку препраќањето се врши како резултат на конкретни инциденти на злоупотреба, кој е исходот од спроведената истрага (доколку е завршена):

ОПАСНОСТИ И РИЗИЦИ ЗА ДЕТЕТО:

Мислење на родителот/старателот:
Ставови/желби на детето:
Дополнителни ресурси/достапна поддршка:
Јаки страни на детето и на семејството:

Други важни податоци:
Комуникација, изолација, игнорирање, викање, карање, родителски расправии и можен развод.

» **Психолошка и емотивна злоупотреба:** психолошката и емотивна благосостојба на целната група може да се влоши особено во случај на родителска негрижа и нарушени семејни односи. Во ризиците се вбројуваат: тага, недостиг на самодоверба, лоши оценки во училиштето, несигурност и изолација.
» **Употреба на дрога и проблеми со законот:** целната група може да биде под влијание на однесувањето на родителите и да употребува дрога или да има проблеми со законот. Во ризиците се вбројуваат: цигари, алкохол и употреба на дрога, непочитување на властите и проблеми со законот.
» **Семејно насилство:** во најлош случај, целната група може да е жртва на семејно насилство или да е изложена на семејно насилство. Во ризиците се вбројуваат психолошко или сексуално насилство, физичка агресија, тепање и насилство.
» **Принуден труд:** целната група може да биде изложена или присилена на труд со цел да компензира за недостигот на родителска одговорност. Во ризиците се вбројуваат: детски труд, продажба на улица, незаконска трговија и работа во штетни услови.
» **Бегство од семејството:** целната група може да се отуѓи од семејните односи, како на пример емотивно отуѓување, иселување од домот и, во полоши случаи, бегство.

» **Други ризици:** списокот на потенцијални ризици не е ограничен. Целната група може да биде изложена на ризици што не се вбројани во Прирачникот при што давателите на услуги се поттикнуваат активно да внимаваат на ризиците и да пронајдат начин за справување со нив.

Давателот на услуги мора да ја разгледа сериозноста на ризиците и итноста за преземање дејства во согласност со околностите. Иако давателот на услуги можеби се соочува со млада личност изложена на помалку штетни ризици како лоши оценки во училиште или намалена самопочит, други млади луѓе можеби се изложени на ризици што налагаат итно дејствување, како на пример употреба на дрога или семејно насилство. Давателот на услуги треба да ги процени околностите за секој случај и да најде урамнотежени мерки меѓу сериозноста на ризиците и итноста за дејствување. Секако, првин неопходно е да се работи на осамостојување на семејството и зајакнување на родителскиот капацитет за грижа за детето со цел да се избегнат наведените проблеми.

Основни принципи и насоки

Пристап до социјални услуги

Услугите на институциите и на организациите треба да се лесно достапни за целната група. Давателот на услуги работи кон намалување на техничките, административните или финансиските препреки за целната група при пристап до услугите и бара иновативни начини за подобрување на пристапот до услугите.

Пристапот може да биде отежнат од повеќе причини. Возможно е целната група да има потреби, но сепак да не биде свесна за услугите на институциите или на организациите. Целната група што живее во оддалечени области се соочува со отежнат географски пристап до давателот на услуги или пак нема финансиски можности да патува за пристап до услугите и да се враќа во домот или да плаќа за услугите доколку се скапи. Понекогаш целната група не може да пристапи до услугата затоа што се нуди на неразбирлив јазик.

Меѓу насоките за подобар пристап до социјалните услуги се вбројуваат:

- промоција на услугите на институциите и на организациите и на електронските достапни информации;
- проширување на услугите од географски аспект и подобрување на електронските услуги со цел полесен пристап за лицата кои живеат во оддалечени области;
- поедноставени процедури за известување, намалување на трошоците поврзани со услугите и пократко време за чекање за целната група;
- отворање телефонски линии за советување, електронски формулари за пријавување, систем за препраќање до чинителите;
- 24-часовна поддршка доколку постои капацитет;
- пристап на целната група до помош од страна на персоналот, психолог, педагог, социјален работник и адвокат.

Одржување на ефективна комуникација

Комуникацијата е клучна за квалитетни социјални услуги. Давателот на услуги мора да одржува ефективна комуникација со: целната група, родителите и другите чинители вклучени во процесот.

Лошата комуникација може да придонесе до негативни последици. Давателот на услуги нема да може да понуди соодветен совет доколку при комуникацијата со целната група и со родителите дојде

до недоразбирање за деталите во врска со случајот. Можеби давателот на услуги не води редовна евиденција и записи од комуникацијата. Можеби целната група не е во состојба да разбере доколку јазикот на комуникација не е јасен и разбирлив. Понекогаш се јавуваат проблеми при прием или предавање на случајот на чинителите доколку комуникацијата при препраќањето не е ефективна.

Меѓу насоките за ефективна комуникација се вбројуваат:

- » ислушајте ги целната група и родителите, разберете ги деталите на случајот, идентификувајте ги проблемите со комуникацијата во семејството;
- » избегнувајте предрасуди, осудување, вина или прерани заклучоци при комуникација со целната група и со семејството;
- » водете евиденција за извештаите, кореспонденцијата и средбите и користете ги кога е потребно;
- » воспоставете канали на комуникација со главните чинители, овозможете редовни координативни состаноци кога е потребно и последователни состаноци со цел да се потврди дека по препраќањето се почнува со работа на случајот.

Потребно е давателот на услуги да ги собере сите релевантни информации поврзани со случајот, да го разбере детално случајот во поглед на семејната историја, семејните односи и динамика. Иако случаите понекогаш се слични, сепак секој се разликува при што за да се преземат мерки соодветни за семејството неопходно е детално познавање на секој случај. Тоа се прави преку интервјуирање на децата и на младите, интервјуирање на родителите, семејни посети, состаноци со чинителите и идентификување знаци, сигнали што можат да имаат значење (употреба на дрога, здравствени проблеми или успехот во училиштето).

Навремено и ефективно постапување

Потребно е давателот на услуги да воспостави процедурални правила за навремено и ефективно постапување кога е неопходно при што може да се јави потреба од координација со чинителите вклучени во процесот. Итноста на одговорот се разликува од случај до случај и од сериозноста на потенцијалните ризици идентификувани кај целната група и родителите.

Понекогаш побарувачката на услугите е поголема од капацитетот на давателот на социјални услуги, што може да резултира со одложување на услугите. Тоа може да влијае на квалитетот на услугата или пак услугата да се добие кога повеќе не е потребна.

Меѓу насоките за навремено и ефективно постапување се вбројуваат:

- » изработка на планови за менаџирање на случајот, утврдување на клучните задачи и рокот за испорака на услугите;
- » прилагодување на услугите за секој индивидуален случај врз основа на семејната историја и комуникацијата со семејството и со целната група;

- » мерење и утврдување како да се одговори во најкраток можен рок за да се избегнат непотребни одложувања;
- » упатување до социјални услуги на друга организација доколку е возможно;
- » соработка со чинителите (полиција, невладини организации и даватели на услуги) според потребите.

Планот за менаџирање на случај се изработува во консултација со: родителите, децата и младите изложени на ризик. Во планот се содржани следниве прашања: потребите за поддршка и за помош, клучните ризици и мерки за намалување на ризиците, видови услуги, потенцијални насоки, обука и активности за поттикнување на клиентот кон примена на правата.

Заштита на целната група

Основната цел на давателот на услуги е заштита на младата личност изложена на ризик од емотивни или физички штети или повреди. Недостигот на соодветна заштита резултира со негативни последици. На пример, на целната група може да ѝ е потребна помош на полноќ (надвор од работното време). Доколку се понуди помош следното утро, можеби ќе биде премногу доцна и ризиците ќе се влошат. Друг пример, жртва на семејно насилство има потреба од засолниште најмалку на една недела и доколку не се пронајде засолниште жртвата ќе страда од дополнителни последици.

Во продолжение се неколку насоки за заштита на целната група:

- » изгответе процена на ризик за секој засебен случај, идентификувајте ги сериозноста на ризиците и мерките за нивно намалување;
- » доколку е соодветно, информирајте ги целната група и родителите за нивните права и за институциите одговорни за нивната сигурност и безбедност;
- » доколку е соодветно, информирајте ја целната група за можните дејства доколку се материјализираат ризиците;
- » воведете телефонски линии отворени 24 часа во денот, како и систем за итно препраќање;
- » соработувајте со главните чинители (полиција, невладини организации и даватели на услуги) кога е потребно.

Поттикнување на целната група да ги ужива сопствените права

Давателите на услуги работат на зајакнување на целната група за таа да може да ги ужива сопствените права: право на образование, право на работа, право на социјална заштита и помош, право на соодветно живеење, право на здравствена заштита (видете во поглавјето за правата

гарантирани со меѓународното право). Целната група треба да се поттикнува на независен и самодоволен живот.

Насоките за зајакнување на целната група вклучуваат:

- » поддршка за вклучување во редовно образование и образовен успех преку предмети скроени според нивните потреби, менторирање од педагози и консултација со наставници;
- » информирање на целната група за потенцијално вработување, совети поврзани со кариерата и/или стручни обуки;
- » полесно остварување на правата, на пример преку препраќање до здравствени институции и помош при пријавување за социјална заштита;
- » поддршка кон независен живот, избегнување на создавање зависност од услугите на давателот.

Давателите на социјални услуги се поттикнуваат да воспостават и да одржат механизми за соработка со други институции и организации со мандат и можност за помош при справување со случаи поврзани со целната група. Тоа значи образовни институции, владини институции и други владини и невладини даватели на социјални услуги.

Образовни институции: соработката со училиштата и другите образовни институции е неопходна за успешно справување со случаи поврзани со целната група. Соработката зависи од секој засебен случај, но во прилог нудиме неколку основни насоки:

- » мониторинг на оценките, присуството и учеството во училишните активности на целната група;
- » комуникација со наставниците и со професорите за потребите на целната група;
- » идентификување на областите во образованието за кои е потребна поддршка и помош;
- » идентификување на конкретни предмети и вонучилишни активности за поттикнување на целната група да ги применува сопствените права.

Педагози: целната група понекогаш има потреба од поддршка од педагог за исполнување на образовните потреби. Учеството на педагогот има цел да го зголеми успехот во образованието. Области во кои е потребна поддршка се следниве:

- » дополнителни часови за конкретни предмети (на пр. математика, биологија);
- » помош со домашната работа, задачите и проектите;
- » општи образовни совети;
- » подобрување на меките вештини и совети за вработување.

Психолози и психијатри: на целната група или на семејството понекогаш им е потребно советување со цел да се подобри нивната емотивна благосостојба. Области во кои е потребна поддршка се следниве:

- » индивидуална и/или групна терапија за: деца, млади и членови на семејството;
- » советување за подобрување на емотивната благосостојба на децата;
- » советување за подобрување на детската самодоверба;
- » советување за родителите и за семејството.

Сервиси за сместување и засолништа: доколку ризикот е толку сериозен што претставува опасност за благосостојбата на целната група, давателот на услуги ја заштитува целната група од штети и од повреди. Давателот на услуги:

- » обезбедува засолниште на безбедна локација;
- » се поврзува со институциите и со организациите што нудат засолниште.

Институции за социјална помош: давателот на услуги им помага на целната група и на семејството во пристапот до придобивки и права гарантирани со закон. Поддршката може да биде:

- » помош на целната група и на семејството при пријавување за социјална помош;
- » совети и информации за правата;
- » совети за прашања поврзани со поднесување приговори и жалби.

Медицински и здравствени институции: доколку целната група е изложена на ризиците нагласени во Прирачникот, може да се јави потреба од медицинска и здравствена заштита. Давателот на услуги треба да:

- » воспостави соработка со медицински и здравствени институции за обезбедување здравствена грижа веднаш штом е потребно;
- » ги поттикне родителите да учествуваат во сесии за третман, рехабилитацијата или други програми за третман при употреба на дрога.

Адвокати: во одредени случаи, целната група или членовите на семејството имаат потреба од правна помош. Неопходно е да се воспостави контакт со адвокати кои можат да понудат помош кога е неопходна. Може да се јави потреба од следниве услуги:

- » правна помош за семејни прашања (развод, старателство на деца, прашања поврзани со граѓанско и кривично право);
- » бесплатна правна помош;
- » учество на студенти по право за помош во правните постапки.

Здруженија на граѓани: давателите на услуги се поттикнуваат да воспостават соработка со здруженијата на граѓани што работат со: семејствата, децата и младите изложени на ризик. Учеството на здруженијата на граѓани во активностите е клучно за зајакнување на целната група. Во прилог се неколку насоки:

- » мапирање на организациите што нудат социјални услуги;
- » советување на целната група за учество во програмите на невладините организации;
- » зајакнување на целната група преку учество во програми за обука.

Полиција и правосудни органи: во посериозни случаи се јавува потреба од соработка со: полицијата, јавните обвинители и судиите. Во прилог се неколку насоки:

- » соработка со полицијата за прашања поврзани со безбедноста на целната група и/или на родителите;
- » споделување информации, докази, сведоштва и извештаи кога е неопходно;
- » учество во судски распитувања и процеси за носење информирани одлуки од страна на правосудните органи;
- » развивање систем за менаџирање на податоци и овозможување пристап до податоците.

Менаџирање на случај

Ова поглавје во голема мера се заснова на Прирачникот за детска заштита и благосостојба на Извршното тело за здравствени услуги,[37] прилагоден според потребите на децата и на младите кои се целна група на овој водич.

План за менаџирање на случај

Еден од критичните аспекти при менаџирањето на случај поврзани со целната група е изработката на план за менаџирање на случајот. На давателите на социјални услуги им се препорачува да изработат конкретен план за секој случај заснован на: семејните, академските, здравствените, финансиските и емотивните околности на целната група. Планот е скроен според потребите и приоритетите на целната група.

Планот за менаџирање на случај се изработува во консултација со: родителите, децата и младите изложени на ризик. Со планот се покриваат следниве прашања:

- идентификување на ризиците, кој е изложен на ризик и од што, и кои се ризик-факторите;
- мерки за намалување на ризиците, вклучително и специфични активности;
- заштитни цели, аспекти од ситуацијата на детето на кои ќе треба да се работи со цел зајакнување;
- неопходните ресурси за зголемување или за зајакнување на заштитните фактори и промена;
- идентификување на улогите и на одговорностите на сите професионалци и семејни членови;
- поддршка и интервенции со детален опис;
- временски рокови за секоја фаза;
- име на професионалецот (социјалниот работник) одговорен за надзор и за координација на работата.

На што да се внимава

Според Прирачникот за детска заштита и благосостојба на Извршното тело за здравствени услуги постојат докази со кои се поткрепува врската меѓу алкохолот и дрогата и злоупотребата и негрижата за деца. Родителите значително погодени од употребата на дрога и на алкохол ја занемаруваат грижата за децата, трошат пари на дроги наместо на домаќинството или се вовлечени во криминални активности со што се загрозува здравјето или безбедноста на децата. Кога родителите

[37] Пристапено во јуни 2018 г. на: <https://www.hse.ie/eng/services/publications/children/welfarepractice.pdf>

имаат проблеми со законот или употребуваат дрога и/или алкохол, тоа може негативно да влијае врз нивната способност да ги пресретнат емотивните, физичките и развојните потреби на детето.

Давателот на услуги треба да го истражи, да го анализира и да го прегледа секој случај за да ги утврди ризиците и итноста на ризиците на кои е изложена целната група. Прирачникот за детска заштита и благосостојба содржи препораки за одредени прашања претставени во табелата подолу.

Проблеми со семејните односи	Животни услови и финансиски извори	Социјални околности	Идни исходи за детето
– Дали приврзаноста на детето е нарушена од непостојана родителска грижа? – Дали возрасните старатели даваат постојана емотивна топлина? – Дали родителите реагираат соодветно на детската возраст и фаза? – Дали родителската неспособност придонесува детето да преземе премногу обврски? – Дали се пресретнати емотивните потреби на детето?	– Дали физичките потреби на детето се доследно пресретнати? – Какви се животните услови на детето? – Дали физичката околина е добра за детето? – Дали родителите имаат соодветни финансии за да ги пресретнат детските потреби?	– Дали однесувањето на родителите влијае негативно на детето во заедницата (на пр. малтретирање од врсниците, исклученост)? – Кој се грижи за детето кога родителот/старателот не може да даде соодветна грижа? – На кој начин родителските проблеми со законот или употребата на дрога влијаат на детската благосостојба и на сите области на детскиот развој?	– Какво е долгорочното влијание на секое дете од изложеноста на родителските проблеми во домот? – На кој начин изложеноста на родителските проблеми влијае на благосостојбата и на сите области од детскиот развој?

Како до ефективна комуникација?

Ефективната комуникација со детето и со родителот е од суштинско значење при менаџирање на случај. Начинот на комуникација меѓу давателот на услуги и клиентите може да се разликува од случај до случај, но во прилог нудиме неколку основни совети при комуникацијата со целната група.

Доколку детето изјави дека е изложено на злоупотреба, негрижа или сподели други информации поврзани со неговата благосостојба:

- » бидете мирни и однесувајте се природно;
- » не заборавајте дека детето ви пристапило затоа што ви верува и веројатно му се допаѓате. Не кревајте паника;
- » треба да бидете свесни дека споделувањето вакви информации е тешко за децата;
- » внимавајте, можно е на почетокот детето да ги тестира вашите реакции и целосно ќе ви се отвори со текот на времето;

- » ислушајте го детето. Дадете му време и можност да сподели со вас колку што може и сака;
- » не инсистирајте. Дозволете му на детето да ги сподели информациите со брзина и јазик што нему му одговора;
- » воздржете се од чувствата на: гнасење, гнев или недоверба. Прифатете ги зборовите на детето – тие ретко соопштуваат неточни информации;
- » понекогаш е неопходно да го уверите детето дека вашите чувства кон него не се променети на негативно како резултат на споделените информации.[38]

Учеството на семејството е од суштинско значење за имплементацијата на планот за менаџирање на случајот и за благосостојбата на детето. Често разговорите со родителите за загриженоста за детската добросостојба се тешки за професионалците. Важно е одлуката донесена по истрагата за детската безбедност да се сподели со лицето или со семејството при што се земаат предвид околностите на случајот и исходите од истрагата.[39]

Во прилог се неколку основни совети:

- » бидете искрени за проблемите што ве загрижуваат, објаснете им ги на семејството;
- » проверете дали родителите разбираат што им се кажува;
- » јасно објаснете што треба да се промени и што се очекува од семејството;
- » запознајте се со детето и со семејството и изградете добар однос со нив;
- » објаснете му на семејството дали/на кој начин ќе ги споделувате податоците со други професионалци/институции;
- » доколку не е возможно во детали да се дискутира со родителите/семејството за можните проблеми, разговарајте со вашиот претпоставен/раководител за соодветни мерки во иднина.

Препраќање на случај

Давателот на услуги понекогаш не може да ги понуди сите потребни услуги за целната група при што давателите на социјални услуги често зависат од способноста на другите чинители вклучени во случајот. Во зависност од околностите на секој случај, овде спаѓаат правосудните институции и полицијата, образовните институции, здравствените институции, здруженијата на граѓани или индивидуални професионалци, на пример психолози и советници за ментално здравје.

Покрај воспоставувањето партнерство со наведените чинители и неговото одржување, давателите на услуги треба да се свесни и за услугите што ги нудат, да ги препраќаат случаите на овие чинители кога е неопходно и повторно да го проследат случајот и да понудат поддршка во неговото справување.

При работа на случај важно е првин да се утврди дали постојат сериозни и разумни основи за загриженост, како на пример:

- » повреда или однесување доследно на злоупотреба;
- » показател дека детето страда од емотивна и физичка негрижа веќе подолг период;
- » признание или показател за наводна злоупотреба или изјава од личност која посведочила дека детето е злоупотребувано;

[38] **Health Service Executive** Guideline for Child Protection and Welfare Practice Handbook, пристапено во јуни 2018 г. на: <https://www.hse.ie/eng/services/publications/children/welfarepractice.pdf>
[39] Ибид.

» докази (на пр. повреди или однесување) доследни на злоупотреба со мала веројатност дека се причинети на друг начин.[40]

Правосудните органи и полицијата треба веднаш да се известат доколку се појават вакви случаи. Неопходно е да се воспостават механизми за итно постапување и надвор од работното време со цел да се обезбеди заштита од потенцијална опасност или од злоупотреба на целната група.

Извештајот за препраќање ги содржи сите неопходни информации, но и други: име и презиме, адреса, дата на раѓање, возраст, етничка припадност и во случаи на сомневање дека постои злоупотреба и негрижа потребно е прецизно да се појасни зошто; дата и имиња на присутните. Важно е да се опишат затекнатите повреди или однесување поврзано со инцидентот. Во случаи каде што негрижата или злоупотребата се случувала во текот на подолг период, препорачливо е да се запише хронологијата на доказите или симптомите кај детето што предизвикуваат загриженост.[41] Давателот на услуги може во прилог да поднесе копија од планот за менаџирање на случајот, да понуди увид во случајот стекнат од извршените интервјуа со семејството и да соработува на проценатa на случајот.

[40] Ибид.
[41] Ибид.

Мониторинг на случај

Со планот за менаџирање на случај треба да се предвиди начинот на мониторирање на напредокот на секој засебен случај од страна на давателот на услуги, целите што треба да се предвидат и што се подразбира како успешен крај или решение на случајот.

Давателот на услуги може да примени еден или повеќе методи за мониторинг на напредокот на секој засебен случај, на пример: интервју со целната група, теренски посети, семејни посети, интервју со роднини на семејството, анализа на извештатите од интервјуата, кореспонденција со чинителите вклучени во случајот, мониторинг на образовниот успех и емотивни и здравствени индикатори на целната група.

Со цел да се изврши ефективен мониторинг, важно е да се востановат општите цели што сакате да се постигнат со семејството и индикаторите со кои ќе се одреди успехот на исходот во секој засебен случај. Целите се квантитативни или квалитативни:

- подобри семејни односи;
- помал број на конфликти со законот и/или употреба на дрога од родителите;
- подобри животни стандарди и благосостојба на детето;
- подобар успех во училиштето за 20 %.

Давателот на услуги ги одредува целите и индикаторите во консултација со родителите и со целната група. Ефективниот мониторинг на случаите го подобрува успехот при давањето социјални услуги кај организациите што работат со млади луѓе изложени на ризик, а кои живеат во семејства со минато со проблеми со законот и/или употреба на дрога.

ПРИЛОГ А: Изјава за почитување на Кодексот на однесување за даватели на социјални услуги кои работат со млади луѓе изложени на ризик, а кои живеат во семејства со минато со проблеми со законот и/или употреба на дрога

Во согласност со мојата важна улога како давател на услуги се согласувам на следниве услови од Кодексот на однесување:

1. Ги преземам обврските и одговорностите во согласност со законите, со правилата и со стандардите поврзани со давање социјални услуги и заштита на децата и на младите изложени на ризик.
2. Ги разбирам ризиците и опасностите на кои се изложени младите кои живеат во околина со минато со проблеми со законот и со употреба на дрога и ќе преземам навремени и ефективни мерки во рамките на мојот капацитет за да ги спречам, да ги намалам и да се справам со ризиците.
3. При извршувањето на моите обврски и одговорности ќе дејствувам во согласност со општите правила и стандарди важни за заштитата на децата и на младите изложени на ризик и се обврзувам:
   3.1 Да ги разберам деталите и контекстот на секој случај што ќе ми биде одреден;
   3.2 Да воспоставам ефективна и одговорна комуникација со: децата, младите, родителите, чинителите и другите страни вклучени во секој случај;
   3.3 Да преземам мерки за спречување на штетите и на повредите на децата и на младите;
   3.4 Да изработам индивидуален акциски план за решавање на проблемите во секој случај;
   3.5 Да ги зајакнам клиентите да ги разберат и да ги применуваат сопствените права;
   3.6 Да ги почитувам достоинството и приватноста на лицата корисници на услугите.
4. Ќе учествувам во обуки, лекции, процеси на издавање или обновување на лиценци и постојано ќе ги унапредувам стратегиите за справување со децата и со младите изложени на ризик и ќе ги применувам во секојдневната работа.
5. Разбирам дека прекршувањето на Кодексот на однесување, лошо однесување или прекршоци и незаконски дела можат да резултираат со парични казни, санкции, граѓанско и криминално гонење во согласност со законите и со правилата.

Име и презиме:

Дата:

Институција:

Прилог 1: Компетентност на одговорниот за случајот и рамка на вештини[42]

Вештини	Компетенции
Лични компетенции	
Познавајте се и преиспитувајте се себеси	Познавајте ги вашите јаки и слаби страни и ресурси; преиспитувајте се и оценувајте се себеси за да ги развиете сопствените вештини; направете критички осврт врз сопствената работа со претпоставениот.
Справувајте се со стресот и со емоциите	Слушајте ги и изразете ги чувствата и емоциите на соодветен начин; бидете свесни за вашите знаци на стрес; научете да се справувате со стресот за да избегнете напнатост и да бидете ефективни; зборувајте за стресот и за работата со претпоставениот.
Бидете флексибилни и отворени на промени, прилагодете се на културните разлики	Културна чувствителност: работете ефективно со лица од различно потекло, избегнувајте стереотипни реакции преку преиспитување на сопственото однесување и пристрасност, покажете отвореност и интерес за новите култури.
Анализирајте, размислувајте критички и креативно и донесете одлуки	Најдете креативни решенија и покажете иницијатива. – Решавање проблеми: разгледајте ги тешките прашања од повеќе перспективи. – Носење одлуки: соберете ги неопходните информации пред да донесете одлука, проверете дали се работи за претпоставка или за факт, донесете одлуки во поглед на работниот товар и на обврските.
Бидете одговорни и работете со интегритет	Интегритет: не злоупотребувајте ја сопствената моќ или позиција, избегнете политички притисок при носењето одлуки, бидете постојани во искажаните принципи и однесувањето, не земајте ги предвид личните добивки во вашите дејства. Одговорност: работете во согласност со принципите за одговорност и со Кодексот на однесување, покажете почит кон корисниците на услугите, преземете одговорност за сопствените дејства и исполнете го ветеното, бидете отворени и транспарентни.

[42] Child Protection Working Group Inter Agency Guidelines, p. 73: Adapted from Tdh Case Management Handbook for Child Protection Workers 2013 (draft) and Inter-agency Child Protection in Emergencies Competency Framework (2010) Child Protection Working Group (насловот и нивото се спомнуваат кога се користат овие компетенции).

Социјални компетенции	
Преговарајте и справувајте се со проблемите и со конфликтите	Преговарање: применете ги принципите за преговорање со цел да добиете позитивен исход за двете страни, прилагодете го стилот со цел да се земат предвид културните разлики во поглед на преговорите, претставете или предложете различни начини за дејство. – Решавање проблеми: справете се со проблемите како што се појавуваат, поддржете ги другите во решавањето на проблемите. – Застапувајте се за прашањата за заштита на децата: искажете ги разликите во мислењето на сензитивен и контролиран начин, тактично справувајте се со другите.
Работете и координирајте во рамките на тимот или на мрежата	Работете со колегите за понатамошен развој на тимот; почитувајте ги мислењата на другите; промовирајте ги нивните вештини преку заеднички активности; понудете и примете конструктивна критика.
Покажете емпатија, срдечност и искреност	Емпатија: грижете се еден за друг, погрижете се вашите реакции да бидат во согласност со нивната емотивна и физичка состојба. – Културна сензитивност: не дискриминирајте.
Поддржете го и мотивирајте го лицето/поддржете ја и мотивирајте ја групата	Препознајте ги и справете се со емотивно чувствителните прашања. – Прилагодете го работниот стил кон семејството и детето; работете паралелно со нив за да создадете заедничка цел; создадете и одржете ја нивната мотивација.
Комуницирајте и слушајте ги другите	Комуникација: изразете се усно на јасен и на разбирлив начин; слушајте ги другите активно, разговарајте за кажаното; тонот, стилот и форматот прилагодете ги на публиката, особено во поглед на различните култури; надминете ги јазичните бариери. – Изградете доверба: создадете и одржете средина во која другите можат да зборуваат и да дејствуваат без страв од последици. – Културна сензитивност: однесувајте се кон другите фер, со почит и со достоинство. – Промовирајте го учеството и дејствувањето на децата: на децата обраќајте им се на пријателски начин, со почит, во средина и временски период погоден за ефективна комуникација; употребете соодветен јазик, јасен и пријателски при комуникација со децата; разберете ги препреките и предизвиците што го попречуваат учеството на

	децата, вклучително и можните безбедносни и заштитни ризици и перцепции во различен контекст; разберете ги/опишете ги предностите од детското учество во носењето на одлуките што ги засегаат.
Методолошки компетенции	
Промовирајте учество и соработка при менаџирањето на случај	Поттикнете ги децата и семејствата да земат учество при идентификацијата на нивните потреби и ресурси за време на проценатa; работете со нив за да донесат информирани одлуки во текот на процесот на менаџирање на случајот; вклучете ги активно чинителите и поттикнете учество. – Потребно е самите да увидите колку е значајна координацијата меѓу давателите на услуги со цел децата да добијат поддршка.
Планирајте, имплементирајте, разгледајте ја интервенцијата	– Изработете го, имплементирајте го и разгледувајте го планот на случај со: децата, семејствата и другите. – Воочете како да им помогнете на родителите да им понудат соодветна поддршка на сопствените деца. – Увидете кои се препреките за пристап до услугите за семејствата.
Технички компетенции	
Запознајте се со теоретската рамка неопходна за работа со деца и со семејства	Запознајте го и разберете го локалниот контекст вклучително и: детскиот развој во контекстот; динамиката со односите во рамките на контекстот; и културните практики што влијаат на детската благосостојба. – Познавајте ги прашањата поврзани со безбедноста на децата: добро познавање на: индикатори и последици од злоупотреба, негрижа, експлоатација и насилство врз децата; основните теории поврзани со грижата и заштитата на децата; воочете како да ги идентификувате факторите што ги зголемуваат ранливоста и ризикот, намалете го отпорот во различни ситуации и за време на различни фази од развојот. – Разберете како се изработуваат програмите за детска заштита: разберете ги: основните принципи и пристапи за изработка на програмите за детска заштита; дека детската заштита е засебен сектор; врските со другите сектори; основните улоги и одговорности на институциите поврзани со заштита на децата.

	– Применете пристап заснован на правата при детската заштита: основно знаење за националната и законската рамка и конвенциите поврзани со детската грижа и заштита, вклучително и Конвенцијата за заштита на правата на децата на ОН; предизвиците поврзани со сеопфатно справување со детските права во ограничен временски период/ресурси. – Увидете каде постои загриженост за заштита на децата: имплементирајте мерки за безбедно чување доверливи информации и документи со чувствителна содржина; осигурајте се дека колегите ги почитуваат стандардите на ОН за заштита од сексуална експлоатација и злоупотреба и организациските правила за однесување; веднаш реагирајте доколку се прекрши доверливоста.
Располагајте со соодветните алатки за менаџирање на случај	Научете кои се неопходните алатки и процеси за мапирање на услугите, документирање на менаџирањето на случај, заштита на податоците, споделување на информации и работа со другите при менаџирањето на случај.

Прилог 2: Формулар за препраќање за заштита на децата

При препраќање користете го следниов формат, потполнет од институцијата или од давателот на услуги кои препраќаааат и кај кои се препраќа.

ФОРМУЛАР ЗА ПРЕПРАЌАЊЕ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА		
Име и презиме/ идентитет на детето:	Дата на раѓање:	Род:
Име и презиме и адреса на примарниот родител/старател:	Локација на детето/каде живее детето:	
Училиште:	Други сервиси во контакт со детето (на пр. здравје итн.):	
Податоци за другите деца во домот:		
Краток преглед на семејната историја (доколку е позната):		
Причини за препраќање/загриженост:		
Преземани дејства/услуги во минатите 7 дена:		
Име и контакт на препраќачот:	Име и контакт на лицето каде што се препраќа:	Дата на препраќање:

Прилог 3: Процена на ризик и формулар за анализа на ризик

Формуларот се користи за запис на сите информации добиени преку процесот на проценка. Се доставува до членовите пред Состанокот на мултидисциплинарната техничка група. Одредени делови од формуларот, на пример нивото на ризик, задолжително се пополнуваат на крајот на состанокот.

ФОРМУЛАР ЗА ПРОЦЕНА И ЗА АНАЛИЗА	
Име и презиме на детето:	Матичен број:
Возраст/дата на раѓање:	Род:
Дата на пополнување на формуларот за процена и за анализа:	Проценатa се врши од:
Состав на семејство/членови на семејство:	Адреса на семејството:
Сервиси/институции во контакт со детето:	Училиште:
ПРИЧИНИ ЗА ПРЕПРАЌАЊЕ:	
Семејно минато/преглед на неодамнешна историја/критични настани:	
Развој и состојба на детето (физички, емотивни, когнитивни, духовни итн. и други посебни потреби – на пр. хендикеп):	
Претставување на детето и неговите односи со другите (вклучително и семејство и пријатели):	
Образование:	
Родителски капацитет и самосвесност:	
Функционирање на семејството (односи и динамика):	
Животни услови и економска состојба/вработување:	
Поддршка од семејството/заедницата:	

Минатата историја со злоупотреба:
Доколку препраќањето се прави за специфичен инцидент на злоупотреба, кој е исходот од извршената истрага (доколку е завршена): ОПАСНОСТ И РИЗИЦИ ЗА ДЕТЕТО:
Мислења на родителите/старателот:
Ставови/желби на детето:
Дополнителни ресурси/достапна поддршка:
Јаки страни на детето и на семејството:
Други важни информации:

Прилог 4: Домашни посети/анализа на белешки

Формуларот е наменет да им помогне на вработените да ги искористат во потполност домашните посети со тоа што ќе понудат структурирани информации, ќе ги прегледаат информациите добиени од овие посети и ќе увидат на кој начин влијаат на детската благосостојба и заштита.

БЕЛЕШКА: Таму каде што се спомнуваат родителите вообичаено се мисли на родителот кој вообичаено и редовно се грижи за детето – може да биде на пример и дедо/баба.

ДОМАШНИ ПОСЕТИ/АНАЛИЗА НА БЕЛЕШКИ				
Дата/време:	Презиме на семејството:		Вработен:	
Присутни:				
	Нема проблем	Постои одреден проблем	Постојат многу проблеми	Коментари/забелешки
Физичка средина				
Дали куќата е соодветна? На пример, дали има доволно простор? Дали има непречен пристап до вода и канализација? Дали е топло?				
Дали куќата е чиста и уредна? Дали постои индикатор за ризици по здравјето на детето?				
Дали има соодветно место каде што детето може да спие?				
Дали има очигледни физички опасности или ризици, на пр. стакло, ножеви и остри предмети наоколу? Дали постои ризик од изложеност на пат на кој се одвива интензивен сообраќај?				
Дали играчките се соодветни за детската возраст?				

ОПСЕРВАЦИЈА И ОДНЕСУВАЊЕ НА ДЕТЕТО			
Дали детето е соодветно облечено?			

Дали детето е чисто?			
Со оглед на возраста на детето, дали тоа ги минува фазите на нормален развој?			
Дали детската интеракција со вас е соодветна за возраста?			
Дали начинот на зборување и јазикот на детето се соодветни за возраста?			
Дали детето си игра или го минува времето соодветно?			
Дали детето следи упатства/услови?			
Дали постојат знаци на злоупотреба, како на пример модрици или необјаснива повреда нанесена на детето?			
Дали треба да се преиспита одредено однесување или однесување кое не се смета за „нормално“?			

ИНТЕРАКЦИЈА МЕЃУ ДЕТЕТО И РОДИТЕЛОТ			
Дали постои физичка или срдечна приврзаност меѓу родителот и детето?			
Дали родителот му дава позитивни коментари на			

детето во негово присуство?			
Дали интеракцијата меѓу родителот и детето е од менторски тип (или контролирачки) и дали се дозволува детето да ги искаже сопствените ставови и да направи избор?			
Дали родителите и детето се гледаат во очи при интеракција?			
Дали односот е срдечен и пријатен и природен меѓу родителите и детето (или пак детето е исплашено и внимателно)?			
Дали детето изгледа среќно?			
Дали постои значајна разлика во однесувањето или во ставот кон другите деца во семејството?			
Доколку има други деца во домот, дали односот меѓу децата е добар и соодветен? Дали некој од нив доминира или ги малтретира другите?			

НАБЉУДУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ/ВОЗРАСНИТЕ			
Дали родителот има нереални очекувања од детето и неговото однесување?			
Дали родителот зборува негативно за детето или е настроен премногу критички кон детето?			
Дали родителите имаат самоконтрола над сопственото однесување или изгледаат како да се под дејство на дрога, на алкохол итн.?			

Дали постојат индикатори за семејно насилство?			
Дали има знаци за потешкотии во односите воспоставени меѓу возрасните во домот?			
Дали постои значајна разлика во однесувањето или ставот кон другите деца во семејството?			
Дали родителот инсинуира однесување при грижата за детето што би било проблематично, на пример телесна казна?			
Дали се случува нешто чудно или нешто што би загрижувало, што укажува на можни проблеми како на пример проблеми со менталното здравје?			
Дали родителот е агресивен или се труди да помогне при посетата?			
ПО ДОМАШНАТА ПОСЕТА			
Какви беа семејните динамики за време на посетата?			
Дали зборувавте со детето лично? Дали постои нешто што треба да се решава?			
Дали постојат проблеми што треба да се решат?			
Во поглед на извршените домашните посети, дали сте загрижени за благосостојбата на детето и за неговата безбедност? Дали се соочува со некои ризици? Ако е така, опишете го вашиот став.			